ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

*Дадена согласност за измени на Статутот*
*на седница на Влада на Република Македонија*
*одржана на 27.03.2015 година*

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

# С Т А Т У Т
## на Фондот за осигурување на депозити

Скопје, март 2015

Врз основа на член 15 од Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на РМ" бр.63/2000) Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити на X-та седница одржана на 24.05.2001 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на Фондот за осигурување на депозити

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредува:

- основање на Фондот;
-назив, седиште, печат и заштитен знак на Фондот за осигурување депозити (во натамошниот текст: Фонд);
- предмет на работење на Фондот;
- средства на Фондот;
- пласмани на Фондот;
- информирање во Фондот;
- премии за осигурување на депозитите;
- начинот на управување и органи на Фондот;
- распределба на добивката, поднесување на ризикот и покривање на загубата;
- деловна тајна;
- престанок на членството во Фондот;
- други прашања од значење на работењето на Фондот.

## II. ОСНОВАЊЕ НА ФОНДОТ

Член 2

Фондот е основан со Законот за Фондот за осигурување на депозити.

Основач на Фондот е Република Македонија.

Фондот е правен следбеник на Фондот за осигурување на штедни влогови а.д. Скопје.

Основачкиот капитал на Фондот изнесува 10.299.958,00 денари.

Член 3

Фондот има својство на правно лице и во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските во правниот промет Фондот одговара со целокупниот свој имот.

Член 4

Во својство на правен следбеник Фондот ги презема сите обврски и побарувања од Фондот за осигурување на штедни влогови а.д. Скопје.

Средствата, прибрани во Фондот за осигурување на штедни влогови а.д. Скопје по основ на техничка премија и нето-добивките на Фондот од неговото основање до денот на преносот на сметката на овој Фонд, се преземаат и може да се користат исклучиво наменски за обесштетување на штедачи во случај на настанување на ризичен настан во банка или штедилница.

## III. НАЗИВ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ЗАШТИТЕН ЗНАК

Член 5

Називот на Фондот е: Фонд за осигурување на депозити.

Во коресподенцијата со странство Фондот го користи називот на англиски јазик: Deposit Insurance Fund.

Член 6

Седиштето на Фондот е во Скопје, на адреса:"11 Октомври" број 18 Скопје.

Член 7

Фондот има печат и штембил.

Фондот ги користи следните видови на печати:

1. Два печати во тркалеста форма чија големина во пречник изнесува 32 мм.
   а) На печатот е испишан називот на Фондот со кирилично писмо:
   "Фонд за осигурување на депозити" и
   б) На печатот е испишан називот на Фондот на англиски јазик:
   "Deposit Insurance Fund"
2. Печат во правоаголна форма чија големина во пречник изнесува 45 мм. На печатот е испишан називот на Фондот, место за бројот од Деловодникот на Фондот и датум.
3. Текстуален печат.
4. Штембил за прием на пошта, со архивски број.

Член 8

Заштитниот знак, амблемот и логотипот на буквите на Фондот изгледа вака:

ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Посебно изработен и стилизиран амблем нема да се употребува.

Заштитната боја на знакот на Фондот е црна.

Големината на буквите е пропорционална на димензиите на објектот на кој што се испишува.

Член 9

Начинот на употреба на печатот, штембилот и на заштитниот знак ќе се определат со правилник што ќе го донесе Управниот одбор на Фондот.

Член 10

За вршење на платниот промет во земјата Фондот може да отвори сметка во Народна банка на Република Македонија и сметки во една или повеќе банки кои добиле согласност за вршење на платен промет во земјата.

## IV. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

Член 11

Предмет на работење на Фондот е осигурување на депозити на физички лица во банки, филијали на странски банки и штедилници во Република Македонија.

Предмет на осигурување во Фондот се следните депозити на физички лица:

- денарски и девизни депозити и трансакциски сметки на физички лица во банките, филијалите на странските банки и штедилниците во Република Македонија,
- сертификати за депозит,
- депозити врзани за паричните картички издадени од банки, филијали на странки банки основани во Република Македонија, и
- девизни приливи на физички лица во банките во Република Македонија.

Во случај на обесштетување од страна на Фондот, поединечните депозити на едно лице во една банка, филијала на странска банка или штедилница се сметаат за единствен депозит.

Член 11 а

Фондот ги осигурува вкупните депозити депонирани кај неговите членки до денот на конечноста на решенијата на гувернерот на Народната банка на Република Македонија:

- за забрана на прибирање на депозити на членката која е исклучена од членството на Фондот поради неплаќање на премија, и
- укинување на дозволата за основање и работење на членката во Фондот”.

Член 12

Фондот не ги обесштетува следните депозити на физичките лица:

1. депозити на кои им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката, филијала на странска банка или штедилница;

2. депозити на сопственици на над 5%од акциите со право на управување со банката или штедилницата;

3. депозити на членови на органите на управување на банката, филијала на странската банка или штедилницата;

4. депозити на роднини од прв степен на лицата од точките 2 и 3 на овој член.

5. Депозити кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење на пари или финансирање на тероризам, доколку прекршителот е осуден и казната е во сила.

Во случај депонентот има обврски кон банката, филијалата на странска банка или штедилницата вкупниот износ на депозити на депонентот се намалува за износот на обврските, депонентот кон банката, филијалата на странската банка или штедилницата.

Во случај на заеднички депозит се смета дека деловите на вложувачите се еднакви ако поинаку во договорот не е определено.

Член 13

Фондот ги обесштетува осигурените депозити, но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра по депозит во една банка, филијала на странска банка или штедилница пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на конечноста на решението за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

Во износот од ставот 3 на овој член се пресметува главнината на депозитот, договорената пресметана и припишана камата и непристигнатата камата до денот на конечноста на решението за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

На денот на конечноста на решението за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница депозитите вложени во девизи се конвертираат во денари по среден курс на Народната банка на Република Македонија.

Обесштетувањето на денарските и девизните депозити се исплатува во денари.

Член 14

Фондот не должи камати за гарантираните суми по основ на износите на обесштетување од денот на конечноста на решенијата на гувернерот на Народната банка на Република Македонија од членот 11а, до денот на исплатата на обесштетувањето.

За побарувањата над добиените средства од Фондот согласно став 1 од член 13 од овој Статут, физичките лица ги остваруваат своите права од имотот на банката, филијалата на странската банка односно штедилницата во согласност со закон.

Член 15

Банката, филијалите на странски банки и штедилницата, членки во Фондот, се должни на шалтерите каде се вршат уплатно-исплатни работи да објават соопштение за депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот.

Текстот на соопштението од овој член го утврдува Управниот одбор на Фондот.

Член 16

Фондот започнува со обесштетувањето на осигурените депозити во рок од 20 дена од денот на конечноста на решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

Во исклучителни околности, Фондот може да го продолжи рокот од ставот 1 на овој член за најмногу десет дена.

Член 17

Износот на средствата исплатени врз основа на член 13 од овој Статут, Фондот го наплатува од приливот на средства од ликвидационата односно стечајната маса на членката кај која била воведена ликвидациона односно стечајна постапка согласно со закон.

Член 18

Фондот изготвува Правилник со кој се уредуваат активностите на Фондот за осигурување депозити во врска со осигурувањето на депозитите на физички лица, како и користењето на средствата од Фондот, во случај на за обесштетување на осигурените депозити.

Правилникот од став 1 од овој член го донесува Управниот одбор на Фондот.

## V. СРЕДСТВА НА ФОНДОТ

Член 19

Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии за осигурување на депозитите на физички лица, наплата на влезни премии и приходи од пласмани.

Средствата од наплатените премии за осигурување, влезните премии и дополнителните уплати преставуваат прилив во резервите на сигурност на Фондот.

Член 20

Паричните средства на Фондот изнесуваат најмалку 4% од вкупните депозити на физичките лица во банките и штедилниците во Република Македонија.

Под парични средства на Фондот се подразбираат средствата кои се наоѓаат на сметките на Фондот во Народната банка на Република Македонија, сметките на Фондот во деловните банки и паричните средства инвестирани во хартии од вредност.

Фондот е должен да го одржува нивото на средствата од став 1 на овој член.

Член 21

Доколку на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените депозити на физичките лица, Фондот обезбедува дополнителни средства преку:

1) дополнителни уплати од банките, филијалите на странските банки и штедилниците, но не повеќе од трикратен износ на премиите уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој гувернерот на Народната банка на Република Македонија ја донел конечната одлука согласно член 11 а став 1 алинеа 2 од овој статут

2) задолжување во земјата и странство и

3) позајмици од Буџетот на Република Македонија.

Дополнително уплатените средства од став 1, точка 1 од овој член се враќаат на банките, филијалите на странски банки и штедилниците по наплатата на искористените средства во корист на Фондот од ликвидационата односно стечајната маса на банката, филијалата на странска банка или штедилницата кај која е воведена ликвидациона односно стечајна постапка, а во случај кога се тие недоволни за да се врати полниот износ на дополнително уплатените средства, средствата се враќаат на банките, филијалите на странски банки и штедилниците сразмерно на дополнително уплатените средства.

Дополнителните уплати од ставот 1 точка 1 на овој член банките, филијалите на странски банки и штедилниците се должни да ги уплатат на сметка на Фондот, најдоцна во рок од 8 дена од денот на доставувањето на пресметката до банките, филијалите на странски банки и штедилниците од страна на Фондот.

## VI. ПЛАСМАНИ НА ФОНДОТ

Член 22

Средствата со кои располага Фондот може да ги пласира во:

1) хартии од вредност издадени од страна на Република Македонија и од Народна банка на Република Македонија со рок на пристигнување до 12 месеци од нивното стекнување од страна на Фондот и

2) должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута.

Средствата на Фондот можат да се користат само за обесштетување на осигурените депозити на физичките лица и за покривање на трошоци на работење на Фондот.

## VII. ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ

Член 23

За осигурување на депозитите на физичките лица Фондот наплатува премија по стапка најмногу до 0,7% годишно од вкупните депозити на_физичките лица во секоја банка, филијала на странска банка и штедилница.

Начинот, рокот на плаќање и висината на премијата од став 1 на овој член ја утврдува Управниот одбор на Фондот.

Фондот пресметува и наплатува законска казнена камата, во случај на доцнење со уплатата на премиите од ставот 1 на овој член.

Средствата уплатени во Фондот од страна на банките, филијалите на странски банки и штедилниците по основ на премии се неповратни.

Новоосnованите банки, филијали на странски банки и штедилници се должни при зачленување во Фондот да уплатат влезна премија во висина од 1% од основачкиот капитал, а начинот и рокот на плаќање на влезна премија ги утврдува Управниот одбор на Фондот.

Член 24

Основица за пресметување на износот на премијата за осигурување претставува билансната состојба на вкупните депозити кај членките од претходниот месец, врз основа на месечните извештаи за вкупните депозити по банки, филијали на странски банки и штедилници кои Народна банка на Република Македонија ги доставува до Фондот.

Член 25

Премијата за осигурување се плаќа месечно, односно по 1/12 од пресметаниот износ на премијата со примена на основицата од член 24 и стапката на премија од член 23 став 2.

Член 26

Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за престанок на обврската за плаќање на премија во Фондот од страна на банките, филијалите на странски банки и штедилниците - членки на Фондот, во случај кога средствата на Фондот ќе го надминат законското ниво од 4% од вкупните депозити на физичките лица во банка, филијала на странска банка или штедилница.

По исклучок од одлуката од ставот 1 на овој член, банките, филијалите на странски банки и штедилниците плаќаат премија во периодот кога  кои се под дополнителни мерки преземни од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија согласно со членот 133 од Законот за банките или е воведена администрација согласно со членот 139 од Законот за банките и тоа по стапка на премија еднаква за сите, утврдена од страна на Управниот одбор на Фондот.

Член 27

Во случај ако банката, филијалата на странска банка или штедилницата не плати премии во период од шест месеци едноподруго Фондот ја известува Народна банка на Република Македонија.

## VIII. ПРИБИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ФОНДОТ И НИВНО КОРИСТЕЊЕ

Член 28

Во врска со сите релевантни информации за состојбата на членките на Фондот, Фондот користи:

-месечни извештаи за вкупните депозити по банки, филијали на странски банки и штедилници кои содржат податоци за главнината и за каматите на депозитите што се предмет на осигурување во Фондот, доставени од Народна банка на Република Македонија до Фондот, најдоцна до 25-от ден во тековниот месец, за претходниот месец,

-периодични финансиски извештаи во врска со сите релевантни информации за состојбата на членките на Фондот, доставени од Народна банка на Република Македонија до Фондот, на барање на Фондот,

- извештај за финансиската состојба и преспективите на банката, филијалата на странска банка и штедилницата доставуван на барање на Фондот, а од страна на администраторот или администраторите именувани од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, најдоцна во рок од 10 дена од приемот на барањето доставено од страна на Фондот,

- извештај за банките, филијалите на странски банки и штедилниците членки на Фондот врз кои се кои се под дополнителни мерки преземни од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија согласно со членот 133 од Законот за банките или е воведена администрација согласно со членот 139 од Законот за банките

доставуван по барање на Фондот, а од страна на Народната банка на Република Македонија, најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето доставено од Фондот,

- извештај за тримесечната состојба на вкупниот број на депоненти со депозити во висина до 30.000 евра и на депоненти со депозити во висина над 30.000 евра доставуван од банките, филијалите на странски банки и штедилниците членки на Фондот, најдоцна до 15-от ден во месецот за претходното тримесечје.

Податоците содржани во извештаите што се доставуваат до Фондот преставуваат класифицирани информации.

Член 29

Управниот одбор може да ги користи добиените информации од Фондот само за извршување на неговите функции.

## IX. НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИ НА ФОНДОТ

Член 30

Органи на Фондот се: Управен одбор и директор.

### IXa. Управен одбор

Член 31

Управниот одбор е составен од пет члена именувани од Владата на Република Македонија и тоа три на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на гувернерот на Народна банка на Република Македонија и еден на предлог на Здружението за банкарство и осигурување кој треба да е од редот на стручни лица од областа на банкарството и финансиите и кој не смее да е член на орган на управување или вработен во банка или штедилница.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Од редот на членовите Управниот одбор избира претседател.

За своето работење Управниот одбор е одговорен пред Владата на Република Македонија.

Член 32

Членовите на Управниот одбор на Фондот можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот за кој се именувани, ако се осудени за кривично дело против имотот или за прекршок од областа на финансиското работење, на начин и на постапка како за нивното именување.

Член 33

Управниот одбор на Фондот ги врши следните работи:

1. го донесува статутот на Фондот, како и измените и дополнувањата на статутот на Фондот;

2. донесува подзаконски акти со кои се уредува работењето на Фондот;

3. разгледува и усвојува полугодишни и годишни извештаи за работењето на Фондот;

4. ги разгледува и усвојува финансискиот план и годишната сметка;

5. донесува одлука за употреба и распоредување на остварената добивка, односно за покривање на загубите;

6. донесува одлука за начинот, рокот на плаќање и висината на премијата;

7. донесува одлука за престанок на обврската за плаќање на премијата во Фондот од страна на банките или штедилниците.

8. донесува одлука за дополнителни уплати од банките, филијалите на странски банки и штедилниците;

9. донесува одлука за задолжување на Фондот во земјата и во странство;

10. донесува одлука за користење позајмици на Фондот од Буџетот на Република Македонија;

11. донесува одлуки за купување хартии од вредност на Република Македонија со рок на доспевање до 12 месеци од нивното стекнување од страна на Фондот;

12. донесува одлуки за купување должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута;

13.одлучува по барањата за пристапување на нови членки, осигуреници во Фондот;

14. донесува одлука за престанок на членство на банка, филијала на странска банка или штедилница кога за тоа ќе се исполнат условите предвидени со овој статут;

15. донесува одлука за исплата на осигурените депозити на физичките лица_ по конечната одлука на гувернерот на Народната банка на Република Македониија за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница;

16. назначува овластен ревизор;

17. го усвојува Правилникот со кој се уредуваат активностите на Фондот за осигурување депозити во врска со осигурувањето на депозитите на физички лица, како и користењето на средствата од Фондот, во случај на обесштетување на осигурените депозити.

18. донесува одлука за набавка на основни средства;

19. Се до донесувањето на одлука од страна на Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата на Република Македонија, Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за покривање на трошоците за сместување на директорот на Фондот и други трошоци во врска со остварувањето на функцијата, доколку директорот има место на живеење надвор од седиштето на Фондот.

20. формира работни тела и комисии за извршување на задачи и ја одредува нивната надлежност;

21. разгледува записници и извештаи за извршени контроли и ревизии од надлежен државен орган и од овластени друштва за ревизија;

22. донесува акт за внатрешна организација и систематизација на Фондот;

23. дава иницијатива и предлози за измени и дополнувања на прописите кои го регулираат работењето од делокругот на Фондот;

24. предлага мерки и активности за подобрување на општите услови за развој на штедењето;

25. дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени во Фондот;

26. дава согласност на предлог-текстот на Соопштението за депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот, и

27. врши други работи предвидени со Статутот на Фондот и други општи акти на Фондот.

Член 34

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот, а во негово отсуство лице овластено од негова страна.

Управниот одбор на Фондот одржува седница по потреба.

Управниот одбор задолжително се свикува по барање на мнозинството од членовите на Управниот одбор или на Директорот на Фондот.

Поблиските одредби за свикување на седниците, начинот на работата и постапката за одлучување и друго се регулираат со Деловникот за работа на Управниот одбор на Фондот.

IXб. Директор на Фондот

Член 35

Директорот на Фондот го именува Владата на Република Македонија за период од четири години.

За директор на Фондот за осигурување на депозити може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за Фондот за осигурување на депозити.

Член 36

Директорот на Фондот е одговорен за законитоста на работењето на Фондот.

Во случај на отсуство на директорот, Фондот го застапува лице од вработените во Фондот и тоа за одредени работи за кои ќе го овласти директорот.

Член 37

Директорот на Фондот може да биде разрешен пред истекот на мандатот за кој е именуван:

- по сопствено барање и

- во случај ако е осуден за кривично дело против имотот или за прекршок од областа на финансиското работење, на начин и на постапка како и за неговото именување.

Член 38

Директорот на Фондот ги има следните надлежности и овластувања:

1. раководи со работата на Фондот;
2. го претставува и застапува Фондот;
3. ги извршува одлуките од Управниот одбор на Фондот, односно се грижи за нивното спроведување;
4. покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Фондот;
5. одлучува за купување хартии од вредност со рок на пристигнување до 12 месеци издадени од страна на Република Македонија и од Народна банка на Република Македонија, врз основа на овластување на Управниот одбор на Фондот;
6. одговорен е за одржување на ликвидноста на Фондот;
7. се грижи за одржување на безбедноста на Фондот;
8. предлага акт за внатрешна организација и систематизација на Фондот;
9. ги именува и разрешува работниците на Фондот со посебни овластувања и одговорности, склучува и раскинува договори за работа со работниците;
10. дава упатства за работа и соодветни овластувања на работниците во Фондот;
11. подготвува и поднесува предлози и одлуки до Управниот одбор на Фондот за прашања од негова надлежност;
12. поднесува полугодишни и годишни извешатаи за работењето на Фондот до Управниот одбор на Фондот, а на барање на Управниот одбор подготвува вонредни извештаи;
13. се грижи за информирањето на јавноста за начинот и видот на осигурувањето на депозитите;
14. дава предлог-текст на Соопштението за депозити кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот кое банките и штедилниците се должни да го истакнат на видно место во нивните деловни простории;
15. поднесува барање до Народна банка на Република Македонија и до администратор за доставување на извештаите согласно членот 28 од овој статут;
16. го известува Управниот одбор за стекнување услови за престанок на членство во Фондот;
17. Одлучува за други прашања за кои е надлежен според закон и овој Статут.

Член 39

Директорот на Фондот, по истекот на деловната година, му поднесува на Управниот одбор нацрт на годишната сметка и годишен извештај за работењето на Фондот.

На барање на Управниот одбор, директорот на Фондот составува посебен извештај за состојбата на Фондот или за некој посебен аспект во неговото работење.

## X. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА, ПОДНЕСУВАЊЕ НА РИЗИКОТ И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

Член 40

Фондот го утврдува приходот во согласност со закон.

Од остварениот приход Фондот ги покрива своите расходи во согласност со закон.

Член 41

Делот од приходите од работењето на Фондот од Годишната сметка што ќе останат по намирувањето на вкупните расходи, Фондот ги искажува како добивка.

Нето добивката остварена од работењето на Фондот се распределува за:

- покривање на загубите од работењето во претходната година и
- резерви на Фондот.

Одлука за распоредување на нето добивката на Фондот донесува Управниот одбор на Фондот, која се доставува за потврдување до Владата на Република Македонија.

## XI. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДОТ

Член 42

Фондот се организира како една организациона форма (целина) на ниво на правно лице, без посебни организациони делови.

Член 43

Работниците во Фондот засноваат работен однос во согласност со закон, колективен договор и општ акт на Фондот.

Член 44

Внатрешната организација и систематизација на работите и задачите во Фондот поблиску се утврдува со општ акт кој го донесува Управниот одбор, на предлог на директорот на Фондот.

## XII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 45

Управниот одбор со правилник утврдува што претставува деловна тајна.

Член 46

Членовите на Управниот одбор на Фондот и другите лица кои работат за Фондот не можат да објавуваат информации што претставуваат банкарска или друга со закон пропишана тајна.

Обврската за чување деловна тајна се однесува на сите вработени и членови на Управен одбор во Фондот за осигурување на депозити и продолжува во рок од три години по престанок на работниот однос, односно на функцијата член на Управен одбор на Фондот.

XIII. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО ВО ФОНДОТ

Член 47

Членството во Фондот престанува:

- на барање на членката, во случај кога таа побарала укинување на дозволата за прибирање на депозити, по претходно целосно намирување на обврските по депозитите на физичките лица;

- кога банка, филијала на странска банка или штедилница не уплатила во Фондот премии во период од шест месеци едноподруго;

- кога гувернерот на Народната банка на Република Македонија ќе ја укине дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

Управниот одбор на Фондот може да оцени и да одлучи за престанок на членството на банка, филијала на странска банка или штедилница и во случај на неплаќање на дополнителна уплата.

За престанување на осигурувањето во Фондот на банка, филијала на странска банка или штедилница одлучува Управниот одбор на Фондот.

Член 48

Фондот без одлагање ја известува Народната банка на Република Македонија и Владата на Република Македонија за престанок на членството во Фондот на одредена банка, филијала на странска банка или штедилница.

Член 49

Кога на банката, филијалата на странска банка или штедилницата ќе $ престане членството во Фондот, по било кој од основите наведени во член 48 од овој Статут, средствата уплатени во Фондот до денот на престанување на членството, остануваат во Фондот.

Член 50

Фондот е должен да го објави престанокот на членството на банка, филијала на странска банка или штедилница во средствата за јавно информирање и да ја задолжи членката да ги повлече и да ги врати соопштенијата за депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот.

## XIV. ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОТ

Член 51

Општи акти на Фондот се: Статут, правилници, деловници и други општи акти.

## XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на РМ, а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

Скопје, март 2015

Претседател на Управен одбор
Сузана Пенева